Центар за развој на
ТРЕТИОТ-СЕВЕРОИСТОЧЕН ПЛАНСКИ РЕГИОН
Бр 03-251/3
28.05. 2026 год.
КУМАНОВО

ЦЕНТАР ЗА РАЗВОЈ НА
ИСТОЧЕН ПЛАНСКИ РЕГИОН
Бр. 13-141/1
28.05 2026 год.
ШТИП

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
ОПШТИНА КОЧАНИ
Бр. 08-1006/1
27.05. 2026 год.
КОЧАНИ

Врз основа на член 69 од Законот за животната средина („Службен весник на Република Македонија" бр. 53/05, 81/05, 24/07, 159/08, 83/09, 48/10, 124/10, 51/11, 123/12, 93/13, 187/13 и 42/14) и Уредбата за учество на јавноста во текот на изработка на прописи и други акти, како и планови и програми од областа на животната средина („Службен весник на Република Македонија" бр. 147/08 и 45/11), Меѓуопштинските одбори за управување со отпад во Источниот и Североисточниот регион организираат

**ЈАВНА РАСПРАВА**

**по Нацрт Извештајот за стратегиска оцена на животната средина од спроведување на Регионалниот план за управување со отпад за Источниот и Североисточниот регион**

Се известува засегнатата јавност, а особено јавноста од Источниот и Североисточниот плански регион и општините вклучени во нив (Берово, Чешиново-Облешево, Делчево, Карбинци, Кочани, Македонска Каменица, Пехчево, Пробиштип, Штип, Виница, Зрновци, Свети Николе, Куманово, Старо Нагоричане, Липково, Крива Паланка и Ранковце), дека во рамките на проектот „Поддршка на имплементацијата на регионалните системи за управување со отпад во Источниот и Североисточниот регион" (NEAR/SKP/2022/EA-RP/0137), финансиран од Европската Унија преку Инструментот за претпристапна помош (ИПА), подготвен е Нацрт Регионален план за управување со отпадот во Источниот и Североисточниот регион и Нацрт Извештај за стратегиска оцена на животната средина од спроведување на Планот. Подготвениот Нацрт Извештај за стратегиска оцена на животната средина и Резимето од Планот се достапни на веб-страниците на Центрите за развој на Источниот и Североисточниот плански регион и општините што им припаѓаат, а печатена верзија е достапна во соодветните канцеларии на Центрите и општините.

Во согласност со законските барања и со цел да се постигне поголема транспарентност и вклучување на јавноста, Меѓуопштинските одбори за управување со отпад на Источниот и Североисточниот регион организираат јавна расправа за Извештајот за стратегиска оцена на животната средина во општините од Источниот и Североисточниот регион, по следниот редослед:

| час/датум | 05.06.2026 | 10.06.2026 | 11.06.2026 | 12.06.2026 |
|---|---|---|---|---|
| 10:00 | Куманово, Липково, С. Нагоричане<br>*Во Куманово: Сала на Совет (Комитет)* | | | |
| 11.00 | | Штип, Пробиштип, Карбинци, Свети Николе<br>*Во Општина Штип* | Виница, Чешиново-Облешево, Кочани, Зрновци<br>*Во Општина Виница* | Берово, Македонска Каменица, Делчево, Пехчево<br>*Во Општина Берово* |
| 14:00 | Ранковце, К. Паланка, Кратово<br>*Во Ранковце: Сала на Совет (Општина)* | | | |

Сите заинтересирани страни и јавноста се поканети да учествуваат на јавната расправа и да ги достават своите мислења, предлози и коментари во врска со Нацрт-извештајот за стратегиска оцена до сите општини, до седиштето на Центрите за развој на Источниот и Североисточниот плански регион:
trajce.zdravkov@eastregion.mk
mladen@northeastregion.gov.mk

**Меѓуопштински одбор за управување со отпад на Источен плански регион**

**Претседател,**
**Владко Гроздaнов**

**Меѓуопштински одбор за управување со отпад на Североисточниот плански регион**
**Претседател,**
**Даниел Павловски**